РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
ул. „Самоилова“ бр.10, 1000 Скопје; тел: +389 2 3244 760; факс. +389 2 3244 766;
www.dzlp.mk

Бр. 08-305/3
03.06.2010 година
С к о п ј е

До
Собрание на Република Македонија
генерален секретар, Жарко Денковски

Предмет: Мислење

Почитувани,

Во врска со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, Дирекцијата за заштита на личните податоци во рамките на надлежностите определени со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05 и 103/08), го дава следното мислење:

1. Во членот 72 со кој се менува ставот 1 на член 112 ќе треба да се преоцени утврдениот рок за чување на необработените податоци за сообраќај од 24 месеци, бидејќи во повеќето земји членки на Европската унија најчесто е прифатен минималниот рок од шест (6) месеци за чување на податоците со цел да се почитуваат европските вредности за сигурност и тајност на личните податоци. Покрај ова, ќе треба да се вградат и нови одредби во членот 112 од Законот со кои ќе се операционализира материјата содржана во Директивата 2006/24/ЕК на Европскиот Парламент и Советот на Европската унија за задржување на податоци добиени или обработени во врска со обезбедувањето јавно достапни електронски комуникациски услуги или јавни комуникациски мрежи, и тоа:

- категории на личните податоци кои што ќе се задржуваат/чуваат;
- заштита на личните податоци кои што ќе се задржуваат/чуваат и
- пристап до личните податоци и размена на податоци.

Воедно, во новиот став 7 на членот 112 ќе треба на крајот на реченицата да се додадат зборовите „на начин утврден со закон“, заради доследно

спроведување на интенцијата на предлагачот за разграничување на мерките и активностите на операторите и давателите на јавни комуникациски услуги во реализирањето на посебната истражна мерка - следење на комуникации од доставувањето на податоци неопходни за спречување и откривање на кривични дела, водење на кривичната постапка или заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија.

Исто така, новиот став 8 на членот 112 (член 72 од Предлог на Законот) и новиот став 8 на членот 114 (член 73 од Предлог на Законот) ќе треба да изостанат, бидејќи ги нарушуваат уставните постулати за слободата и неповредливоста на сите облици на комуникација (член 17 од Уставот на Република Македонија) и за гарантирањето на приватноста во врска со обработката на личните податоци (членови 18 и 25 од Уставот на Република Македонија). Следствено на ова, со ваквите законски решенија се воведуваат премногу инванзивни методи за обработување на податоците за комуникациски сообраќај и податоците за локација кои се неправични, несоодветни и преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат во смисла на одредбите од член 5 став 1 алинеи 1 и 3 од Законот за заштита на личните податоци.

Во контекст на овие забелешки соодветно ќе треба да се усогласат и новите дефиниции на изразите кои се утврдени во новите точки 47, 48 и 49 од членот 4 (член 1 од Предлог на Законот) кои се однесуваат на следењето на комуникациите.

2. Во Предлог на Законот ќе треба да се вградат и одредби со кои ќе се изврши усогласување со одредбите од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот на Европската унија со која се менува Директивата 2002/58/ЕК во врска со обработката на личните податоци и заштита на приватноста во секторот за електронски комуникации, и тоа:

- усогласување на дефиницијата за податоци за локација согласно член 2 точка 2 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;
- додавање на нова дефиниција која што ќе се однесува на „повреда на личните податоци“ согласно член 2 точка 2 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;
- усогласување на заштитните мерки предвидени во член 110 од Законот за електронските комуникации согласно член 2 точка 4 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;
- утврдување на процедура за известување во случај на „повреда на личните податоци“ до Дирекцијата за заштита на личните податоци, како и до претплатникот, односно корисникот на кого му е сторена

повредата согласно член 2 точка 4 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;

- усогласување на одредбите од член 111 од Законот за електронските комуникации кои се однесуваат на доверливост на комуникациите согласно член 2 точка 5 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;
- усогласување на одредбите од член 112 од Законот за електронските комуникации кои се однесуваат на употреба на податоците за комуникациски сообраќај за маркетинг цели согласно член 2 точка 6 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;
- усогласување на одредбите на член 117 од Законот за електронските комуникации кои се однесуваат на небарани комуникации согласно член 2 точка 7 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот;
- утврдување на одредби кои ќе се однесуваат на воведување на интерни процедури за одговор на барањата на корисниците за пристап до нивните лични податоци согласно член 2 точка 9 од Директивата 2009/136/ЕК на Европскиот Парламент и Советот.

Овие предлози и сугестии Ви беа доставени во нашето Мислење бр.08-305/2 од 16.03.2010 година во врска со усогласувањето со правото на Европската унија од областа на електронските комуникации кои се однесуваат на заштитата на личните податоци.

Заменик директор,
Јовица Страшевски